Оградувањето на градежната парцела дефиниран со Урбанистички Проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со намена Б5 Хотелски Комплекси на ГП 1.1. од АУП за дел од КП 379, Локалитет до Езерце, КО Б`С, Општина Крива Паланка ќе биде во согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Во процентот на изградеността не влегуваат површините на подземните градби и настрешниците.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење, дефинирана со урбанистичкиот проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Паркирањето ќе се решава во рамките на градежната парцела. Паркирањето првенствено да се реши во сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места како основен услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ "бр. 225/20).

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е услов за изградба на дозволената површина за градење, катноста, максималната висина, како и искористување на дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност.

Наменска употреба на земјиште

Намената на земјиштето е дефинирана со важечкиот АУП во рамките на група на класа на намена Б-комерцијални и деловни намени односно Б5 – хотели и хотелски комплекси. Основна класа на намена е Б5 – Хотели и хотелски комплекси, додека компатибилна намена е **Б1 (**Мали единици за комерцијални и деловни дејности**), Б2 (**Големи единици за трговија**), Б3 (**Големи единици за угостителска дејност**), Б4 (**Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради**), Б6 (**Простори за собири и публика**), В2 (**Здравствена и социјална заштита**), В3 (**Култура**), Д3 (**Спорт и рекреација на зелени површини**)** со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

Хортикултура и партер

Внатрешните сообраќајни површини и паркинзи се предвидува завршно да се обработат со павер елементи одделени од околните површини со бетонски ивични ленти. Слободниот неизграден дел од градежната парцела се предвидува да се затревни и хортикултурно да се уреди со високо и ниско зеленило согласно член 20 од Законот за урбано зеленило („Сл.весник на РМ"бр.11/18).

При изработка на идејни и основни проекти, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Сообраќај

Пристап до парцелите е обезбеден од постоечкта улица Сервисна Улица, од северноисточната страна. Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежната парцела. Предвидени се паркинг места во секоја градежна парцела.

Комунална инфраструктура

- **Водовод**

Водоснабдувањето на парцелите ќе реши со приклучок на водоводната мрежа, односно објектите ќе се приклучат на место предложено од ЈП Комуналец Крива Паланка.

- **Фекална канализација**

Отпадните води од планираните објекти ќе се одведуваат преку пречистителни станици. Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-3%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.

- **Електро-енергетски и ТТ приклучок**

За конкретните услови за обезбедување приклучок на идните градби на електричната мрежа ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност од надлежното претпријатие.

Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие. За наведените инфраструктурни водови ќе биде неопходно да се изработат посебни проекти за инфраструктура.

5.2 Посебни услови за градење

Во **градежната парцела број 1.1.1**, која е со вкупна површина од **8602,05м²**, предвидена е максимална површина за градба од **2200м²**, максимална вкупно изградена површина **6200м²**. Процентот на изграденост е **26%**, а коефициентот на искористеност **0,72**.

Основна класа на намена е Б5 (Хотели и хотелски комплекси), додека компатибилна намена е **Б1** (Мали единици за комерцијални и деловни дејности), **Б2** (Големи единици за трговија), **Б3** (Големи единици за угостителска дејност), **Б4** (Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради), **Б6** (Простори за собири и публика), **В2** (Здравствена и социјална заштита), **В3** (Култура), **Д3** (Спорт и рекреација на зелени површини) со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

Планирана е максимална височина до кота на венец е **10,20м**, планирана катност од **П+2**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на

паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Пристапот во градежната парцела е од сервисна улица.

Во **градежната парцела број 1.1.2**, која е со вкупна површина од **9741,52м²**, предвидена е максимална површина за градба од **2200м²**, максимална вкупно изградена површина **6200м²**. Процентот на изграденост е **23%**, а коефициентот на искористеност **0,64**.

Основна класа на намена е Б5 (Хотели и хотелски комплекси), додека компатибилна намена е **Б1 (**Мали единици за комерцијални и деловни дејности**), Б2 (**Големи единици за трговија**), Б3 (**Големи единици за угостителска дејност**), Б4 (**Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради**), Б6 (**Простори за собири и публика**), В2 (**Здравствена и социјална заштита**), В3 (**Култура**), Д3 (**Спорт и рекреација на зелени површини**)** со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

Планирана е максимална височина до кота на венец е **10,20м**, планирана катност од **П+2**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Пристапот во градежната парцела е од сервисна улица.

Во **градежната парцела број 1.1.3**, која е со вкупна површина од **9727,20м²**, предвидена е максимална површина за градба од **2200м²**, максимална вкупно изградена површина **6200м²**. Процентот на изграденост е **23%**, а коефициентот на искористеност **0,64**.

Основна класа на намена е Б5 (Хотели и хотелски комплекси), додека компатибилна намена е **Б1 (**Мали единици за комерцијални и деловни дејности**), Б2 (**Големи единици за трговија**), Б3 (**Големи единици за угостителска дејност**), Б4 (**Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради**), Б6 (**Простори за собири и публика**), В2 (**Здравствена и социјална заштита**), В3 (**Култура**), Д3 (**Спорт и рекреација на зелени површини**)** со максимален дозволен % на збирот на компатибилните класи од 40% во однос на основната класа на намена.

Планирана е максимална височина до кота на венец е **10,20м**, планирана катност од **П+2**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Пристапот во градежната парцела е од сервисна улица.

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1 Заштита на животна средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно но природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локалната урбанистичка планска документација, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа

на овој закон. Исто така потребно е да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

6.2 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација. Фекалните отпадни води преку затворен систем на канализациони цевки ќе се одведуваат во компактна пречистителна станица изградена во рамките на градежната парцела, од која пречистени отпадни води до пропишениот степен на чистота може да се испуштаат во попивателни бунари. Атмосферските води од поплочаните партерни површини и од објектите преку затворен систем на атмосферска канализација ќе се одведуваат во попивателни бунари со претходнен нивен третман во сепаратори на масти за нивно пречистување до потребниот степен на чистота.

6.3 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

6.4 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

6.5 Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

6.6 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во Просторниот план на Република Македонија е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на улиците, врз основа на што е изработено и планираното решение. Според постојните анализи и добиените резултати

за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8°С по МЦС. Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економскотехнички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите. За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба. Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува: - брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла) - брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила - непречена интервенција - штетите да се сведат на минимум - брза санација на последиците.

6.7 Мерки за заштита од пожар

Влез во предвидената градежна парцела е обезбеден, со што се обезбедени и услови за пристап на противпожарни возила. Минималните растојанијата на новите градби до границата на парцелата треба да изнесуваат ½ од висината на градбата која гарантира сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градежна парцела. При изведба на водоводна мрежа ќе биде неопходно да се предвидат соодветен број надворешни и внатрешни противпожарни хидранти со кое ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Останатите мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектот и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар. При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Инвеститорот е должен во постапката на добивање одобрение за градење да достави елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

6.8 Мерки за заштита од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработката на проектната документација за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се: Нивелирање на партерните површини во рамките на парцелата со падови кои ќе овозможат непречено одведување на атмосферските води. Поставување масивни оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

6.9 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат истите одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ "бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17). При изградба на нови објекти и содржини во просторот се пременуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет.

Површината за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките плано ви: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со контируирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8,33%. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистчки план треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Рампата мора да е за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала ширина треба да е 1,65м, а оптимална 1,8м.

6.10 Заштита на природното и културно наследство

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички проект, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

На барање на изготвувачот на планската документација, добиени се податоци и информации од надлежните комунални претпријатија и државни институции, кои се приложени како составен дел на Документационата основа.

1. АД МЕПСО Скопје бр. 11-480/1 од 27.01.2023 год.
2. Дирекција за заштита и спасување К.Паланка бр.09-24/2 од 26.01.2023 год.
3. Агенција за електронски комуникации бр.1404-381/2 од 07.02.2023 год.
4. НОМАГАС бр.15-415/2 од 01.02.2023 год.
5. Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 10-22/5-60 од 07.02.2023 год.
6. Национални Шуми бр.15-29/50 од 08.02.2023 год.
7. Агенција за цивилно воздухопловство бр. 12-8/098 од 26.01.2023 год.
8. Општина Крива Паланка бр. 29-580/2 од 03.01.2023 год.
9. Јавно претпријатие за железничка инфраструктура бр. 2001-412/2 од 09.02.2023год.
10. Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост со арх. Бр. 40-1488/2 од 08.02.2023год.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ													
Број на градежна парцела	Број на објект	Група класа намена	Основна класа на намена	Компатиблини класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимано дозволен % на збирот на компатибилните класи на намена во однос на основната класа на намена	Површина на градежна парцела м²	Површина за градење м²	Вкупно изградена површина на сите катовви м²	Максимална висина на хоризонтален венец на кров	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Паркирање
1.1.1	1	Б	Б5	Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В2, В3, Д3	40	8602,05	2000	6000	10.20	П+2	23	0,70	Согласно член 134 од („Сл.весник на РСМ " бр.225/20, 19/21 и 104/22) урбанистичко планирање
	2	Е	Е1.8	/			100	100	2	П	1	0,01	
	3	Е	Е1.6	/			100	100	2	П	1	0,01	
ВКУПНО ГП 1.1.1							**2200**	**6200**			**26**	**0,72**	
1.1.2	1	Б	Б5	Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В2, В3, Д3	40	9741,52	2000	6000	10,20	П+2	21	0,62	
	2	Е	Е1.8	/			100	100	2	П	1	0,01	
	3	Е	Е1.6	/			100	100	2	П	1	0,01	
ВКУПНО ГП 1.1.2							**2200**	**6200**			**23**	**0,64**	
1.1.3	1	Б	Б5	Б1, Б2, Б3, Б4, Б6, В2, В3, Д3	40	9727,20	2000	6000	10,20	П+2	21	0.62	
	2	Е	Е1.8	/			100	100	2	П	1	0,01	
	3	Е	Е1.6	/			100	100	2	П	1	0,01	
ВКУПНО ГП 1.1.3							**2200**	**6200**			**23**	**0,64**	
СЕ ВКУПНО						**28070,77**	**6600**	**18600**			**23,51**	**0,66**	

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	Постојна состојба согласно АУП	Планирана состојба
1	Плански опфат (м²)	28070,77	28070,77
2	Број на градежни парцели	1	3
3	Површина на приземје (м²)	21029	6600
4	Развиена површина по катови (м²)	63087	18600
5	Процент на изграденост	74,91%	23,51%
6	Коефициент на искористеност	2,25	0,66

АУП (во согласност со ЛУПД за локалитет “До Ловечка куќа”) тех. бр. 29-2015 од 2016 год. со Потврда за заверка бр. 29-1367/14

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Број: УП 29 – сл. од 22.09.2023 год.

Сектор за урбанизам, сообраќај,
заштита на животната средина
и комунална инфраструктура
Одделение за урбанизам, сообраќај и
заштита на животната средина

ИЗВОД ОД АУП
тех.бр.29-2015 од 2016 година
со Потврда за заверка бр.29-1367/14
од 13.12.2016 година
во согласност со ЛУПД за локалитет
„До ловечка куќа" за КП5359
со Решение бр.29-128/21
од 31.10.2014 година
Намена на градба : ДЗ-спорт и рекреација
на зелени површини и Е-инфраструктура
с.Крклъа
КО Крклъа, Г.П.1.1 К.П.5359
Размер: М=1:500

ИЗВОД ЗА : катастарска парцела КП 5359
за гардежна парцела 1.1
со намена ДЗ-спорт и рекреација на зелени површини и Е-инфраструктура
м.в. „Искрут" - КО Крклъа

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
   - Заверена копија од урбанистичко решение во идентична форма со граница на градежната парцела, дел од планот или на целиот плански опфат за кој се однесува барањето за извод со :
   - легенда
   - намена на површината
   - сообраќаен план, нивелациски план, план за инфрастуктура.....нема
   - синтезен план
   - табела со нумерички показатели
   - по потреба заверена копија од други графички прилози со легенда:
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
   - Заверена копија од општите и посебните услови за просторен развој и за спроведување на планот, нумерички податоци за услови за планирање на просторот (услови за градење, параметри за спроведување на планот, мерки за заштита на културното наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и др.).
   - По потреба и други услови.....нема
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**.....нема

Општина Крива Паланка
Одделение за урбанизам, сообраќај
и заштита на животна средина
Раководител,
диа Маја Костадиновска

Изготвил
Советник
диа Иван Велиновски

БИЛАНСНИ ПОДАТОЦИ
КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
КЛАСА НА НАМЕНИ
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ
ВИСИНА НА ВЕНЕЦ
КАТНОСТ
ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (m2)
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)
РАЗВИЕНА БРУТО ПОВРШИНА (m2)
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)

Друштво за градежништво,
проектирање, инженеринг,
трговија и услуги

ЛОУ ТЕК ДООЕЛ, Скопје
Партенij Зографски 28А, 1000 Скопје

low tech
architects

т: +389 2 3090 006 +389 2 3090 007 ф: +389 2 3090 008 e-mail: info@LTarch.com www.LTarch.com

Проект:

Архитектонско-урбанистички проект за КП 5359, КО Крклља, на локалитет до „Ловечка куќа“, Општина Крива Паланка

Технички број:	Верзија:	Статус:
29 - 2015	**01.03.2016**	**АУП**

Нарачател:

Општина Крива Паланка

Овластени планери:

м-р Сашо Блажевски, диа
бр. на овластување 0.0107

Маја Лаловиќ - Блажевска, диа
бр. на овластување 0.0507

Планери соработници:

Ивана Дамевска, диа
Златко Стојановски, диа
Силавија Шалева, диа

Ревидент:

Фаза:

Архитектонско урбанистички проект

Цртеж:

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ М = 1 : 250

0 5 10 20 50 80m

N

АУП 03

Овој проект е сопственост на LOW TECH Architects. Не е дозволено копирање, скалирање или менување на било каков вид без претходна писмена дозвола од сопственикот на проектот. This project is property of LOW TECH Architects. No copying, scaling or change of any kind is allowed without prior written permission of the owner.

СООБРАЌАЈНИ ПОРШИНИ

КОЛСКИ СООБРАЌАЈ

ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ

ЗЕЛЕНИЛО

Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г.Г.П ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Г.Л ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3 **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ)**

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е2 **КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**



БИЛАНСНИ ПОДАТОЦИ	Според ЛУПД	Според АУП
КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	5359	
КЛАСА НА НАМЕНИ	Д - зеленило и рекреација	
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ	Д3	Д3
ВИСИНА НА ВЕНЕЦ	10.0m	10.0m
КАТНОСТ	П+2	П+2
ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (m2)	2100.0 m2	2092.11 m2
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	1230.0 m2	961.08 m2
РАЗВИЕНА БРУТО ПОВРШИНА (m2)	3690.0 m2	2683.24 m2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	58.57%	45.94%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	1.76	1.28
ПАРКИРАЊЕ	ВО РАМКИ НА ПАРЦЕЛА	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД ЛУПД	
КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	5359
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	1.1
КЛАСА НА НАМЕНА	Д3
КОМПАТИБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНА	А4, Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, В3, Д1 (МАХ 40%)
ВИСИНА НА ВЕРНЕЦ (m)	10.2m
КАТНОСТ	П+2
ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛА (m2)	2100.0 m2
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	1230.0 m2
РАЗВИЕНА БРУТО ПОВРШИНА (m2)	3690.0 m2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	58.57%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (К)	1.76
ПАРКИРАЊЕ	ВО РАМКИ НА ПАРЦЕЛА

L=3678 cm
13.59 °/°
672
300
616
200
+1415.00
+1420.00
+1422.00
+1421.00
5359
+1419.00
+1422.00
+1421.00
+1419.00
+1422.00
+1422.00

Друштво за градежништво,
проектирање, инженеринг,
трговија и услуги

ЛОУ ТЕК ДООЕЛ, Скопје
Партенij Зографски 28А, 1000 Скопје

т: +389 2 3090 006 +389 2 3090 007 ф: +389 2 3090 008 e-mail: info@LTarch.com www.LTarch.com

Проект:

Архитектонско-урбанистички проект за КП 5359, КО Крклъа, на локалитет до „Ловечка куќа“, Општина Крива Паланка

Технички број:	Верзија:	Статус:
29 - 2015	**01.03.2016**	**АУП**

Нарачател:

Општина Крива Паланка

Овластени планери:

м-р Сашо Блажевски, диа
бр. на овластување 0.0107

Маја Лаловиќ - Блажевска, диа
бр. на овластување 0.0507

Планери соработници:

Ивана Дамевска, диа
Златко Стојановски, диа
Силавија Шалева, диа

Ревидент:

Фаза:

Архитектонско урбанистички проект

Цртеж:

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН М = 1 : 250

0 5 10 20 50 80m

N

АУП 04

Овој проект е сопственост на LOW TECH Architects. Не е дозволено копирање, скенирање или менување од било каков вид без претходна писмена дозвола од сопственикот на проектот. This project is property of LOW TECH Architects. No copying, scaling or change of any kind is allowed without prior written permission of the owner.

СООБРАЌАЈНИ ПОРШИНИ

КОЛСКИ СООБРАЌАЈ

ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ

ЗЕЛЕНИЛО

Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г.Г.П ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Г.Л ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

L=1920 cm' 15.95 % НИВЕЛМАН ПОДОЛЖЕН

247.70 ВИСИНСКА КОТА

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3 **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ)**

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е2 **КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**

профили на локален пат согласно ЛУПД

ПРИСТАПНА УЛИЦА 1



ул. Новопроектирана 1
пресек 1-1

672
300
616
200
5359
32.5
31.5
24.6
21.9
10.8
1.9
2.15
0.25
3
10
5

Друштво за градежништво,
проектирање, инженеринг,
трговија и услуги

ЛОУ ТЕК ДООЕЛ, Скопје
Партениј Зографски 28А, 1000 Скопје

т: +389 2 3090 006 +389 2 3090 007 ф: +389 2 3090 008 e-mail: info@LTarch.com www.LTarch.com

low tech
architects

Проект:

Архитектонско-урбанистички проект за КП 5359, КО Кркља, на локалитет до „Ловечка куќа“, Општина Крива Паланка

Технички број:	Верзија:	Статус:
29 - 2015	**01.03.2016**	**АУП**

Нарачател:

Општина Крива Паланка

Овластени планери:

м-р Сашо Блажевски, диа
бр. на овластување 0.0107

Маја Лаловиќ - Блажевска, диа
бр. на овластување 0.0507

Планери соработници:

Ивана Дамевска, диа
Златко Стојановски, диа
Силавија Шалева, диа

Ревидент:

Фаза:

Архитектонско урбанистички проект

Цртеж:

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН М = 1 : 250

0 5 10 20 50 80m

N

АУП 05

Овој проект е сопственост на LOW TECH Architects. Не е дозволено копирање, скалирање или менување од било чаков вид без претходна писмена дозвола од сопственикот на проектот. This project is property of LOW TECH Architects. No copying, scaling or change of any kind is allowed without prior written permission of the owner.

СООБРАЌАЈНИ ПОРШИНИ

КОЛСКИ СООБРАЌАЈ


ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ

ЗЕЛЕНИЛО

Р.Л
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г.Г.П
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Г.Л

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3
СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ)

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е2
КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

672
300
616
200
5359
32.5
31.5
24.8
21.9
10.8
27.2
1.9
2.15
0.25

Друштво за градежништво,
проектирање, инженеринг,
трговија и услуги

ЛОУ ТЕК ДООЕЛ, Скопје
Партениј Зографски 28А, 1000 Скопје

low tech
architects

т: +389 2 3090 006 +389 2 3090 007 ф: +389 2 3090 008 e-mail: info@LTarch.com www.LTarch.com

Проект:

Архитектонско-урбанистички проект за КП 5359, КО Кркља, на локалитет до „Ловечка куќа“, Општина Крива Паланка

Технички број:	Верзија:	Статус:
29 - 2015	**01.03.2016**	**АУП**

Нарачател:

Општина Крива Паланка

Овластени планери:

м-р Сашо Блажевски, диа
бр. на овластување 0.0107

Маја Лаловиќ - Блажевска, диа
бр. на овластување 0.0507

Планери соработници:

Ивана Дамевска, диа
Златко Стојановски, диа
Силавија Шалева, диа

Ревидент:

Фаза:

Архитектонско урбанистички проект

Цртеж:

ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО М = 1 : 250

0 5 10 20 50 80m

N

АУП 06

Свој проект е собственост на LOW TECH Architects. Не е дозволено копирање, скалирање или менување од било качав вид без претходна писмена дозвола од собственикот на проектот. This project is property of LOW TECH Architects. No copying, scaling or change of any kind is allowed without prior written permission of the owner.

СООБРАЌАЈНИ ПОРШИНИ

КОЛСКИ СООБРАЌАЈ

ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ

ЗЕЛЕНИЛО

ДРВО

Р.Л РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г.Г.П ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Г.Л ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3 **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ)**

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е2 **КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**


5359
21.9
10.8
24.6
27.2
31.5
32.5
1.9
2.15
0.25
3
2
5
10

Друштво за градежништво,
проектирање, инженеринг,
трговија и услуги

ЛОУ ТЕК ДООЕЛ, Скопје
Партениј Зографски 28А, 1000 Скопје

т: +389 2 3090 006 +389 2 3090 007 ф: +389 2 3090 008 e-mail: info@LTarch.com www.LTarch.com

low tech architects

Проект:

Архитектонско-урбанистички проект за КП 5359, КО Кркља, на локалитет до „Ловечка куќа“, Општина Крива Паланка

Технички број:	Верзија:	Статус:
29 - 2015	**01.03.2016**	**АУП**

Нарачател:

Општина Крива Паланка

Овластени планери:

м-р Сашо Блажевски, диа
бр. на овластување 0.0107

Маја Лаловиќ - Блажевска, диа
бр. на овластување 0.0507

Планери соработници:

Ивана Дамевска, диа
Златко Стојановски, диа
Силавија Шалева, диа

Ревидент:

Фаза:

Архитектонско урбанистички проект

Цртеж:

ШЕМА НА ДВИЖЕЊЕ M = 1 : 250

0 5 10 20 50 80m

N

АУП 07

Овој проект е сопственост на LOW TECH Architects. Не е дозволено копирање, скалирање или менување од било кој вид без претходна писмена дозвола од сопственикот на проектот. This project is property of LOW TECH Architects. No copying, scaling or change of any kind is allowed without prior written permission of the owner.

ШЕМА НА ДВИЖЕЊЕ НА ВОЗИЛА

ШЕМА НА ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИ

СООБРАЌАЈНИ ПОРШИНИ

КОЛСКИ СООБРАЌАЈ


ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ

ЗЕЛЕНИЛО

Р.Л
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г.Г.П
ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Г.Л
ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Г.Л

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д3
СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ)

Е ИНФРАСТРУКТУРА

Е2
КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ И АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ

3.1 ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА СОДРЖИНАТА НА ГРАДБАТА

Овој Архитектонско – урбанистички проект е основа за изработка на основни проекти за градење на обејктот кој е предмет на разработка.

Со овој АУП се третира објектот Спортски терени и објекти. Според тоа, просторниот концепт е развиен интегрално во поглед на сообраќајната, односно комуналната инфраструктура, функционалната и композициската поставеност, како и според заштитните мерки во поглед на животната средина и мерките за заштита и спасување.

Планирана е компатибилна класа на намени на основната класа на намена.

Посебните услови за градење се основа за изработка на Архитектонско – урбанистичкиот проект со основни решенија на градбата и градбите на инфраструктурата, врз основа на што ќе се изработат основните проекти за градбата и инфраструктурата.

Условите за градење ќе се оформат врз основа на заверен архитектонско-урбанистички проект (АУП) за градежната парцела.

3.2 ФУНКЦИОНАЛНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно важечките Стандарди и нормативи за планирање на просторот, согласно намената на истиот, изготвен е Архитектонско-урбанистички проект за изградба на Спортски терени и објекти.
Основна функционална намена е да се овозможи квалитетно опслужување на корисниците во со сите потребни оптимални стандарди и содржини.
Пристапот до парцелата и објектот е обезбеден преку локалниот пат и пристапната улица „Новопроектирана улица 1".
Паркирањето за потребите на објектот е обезбедено во рамки на градежната парцела, согласно одредбите од ЛУПД.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Со општите услови за градење се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на конкретните решенија од Локалната урбанистичка планска документација и Архитектонско-урбанистичкиот проект за КП 389, локалитет до Езерце, КО Б`с, Општина Крива Паланка. Изградбата на планираните објекти, како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот, како и овие Општи услови за градење.

Со овој Архитектонско-урбанистички проект се утврдува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во предметниот плански опфат. Групи на класи на намени во предметниот опфат се: **Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори** и **Е – инфраструктура**, односно основни класи на намена: **Д3 – спорт и рекреација (спортски терени и објекти)** и **Е1 – комунална инфраструктура (сообраќајници и пешачки површини).** Во рамки на планскиот опфат се предвидени и компатибилни класи на намена **А4 – времено сместување, Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Б2 – Големи трговски единици, Б3 – Големи угостителски единици, Б4 – Деловни простори, Б5 – хотелски комплекси, Б6 – Градби за собири, В3 – Култура и Д1 – Парковско зеленило**, кои учествуваат со максимум 40% во основната класа на намена.

Составен дел на овој Архитектонско-урбанистички проект се текстуален и графички дел. Графичкиот дел се состои од: Ажурирана геодетска подлога, Инвентаризација на изграден градежен фонд и комунална инфраструктура, Урбанистичко решение, Сообраќаен и нивелациски план, Инфраструктурен план, План на зеленило и Шема на движење.

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), основната класа на намена Д3 – спорт и рекреација, треба да се реализира со Архитектоснко-урбанистички проект, со кој треба да се дефинираат и инфраструктурните водови, како и потребните градби за комунална инфраструктура, како трафостаница.

За градежната парцела 1.1 се дадени следните параметри:
- планирана височина до венец: 10,2м
- катност: П+2
- површина на парцела: 2.092,11 м²
- површина за градба: 961,08 м²
- развиена бруто површина: 2.683,24 м²
- процент на изграденост: 45,94%
- коефициент на искористеност: 1.28

Согласно ЛУПД, потребата за паркирање на возила е решена во рамки на сопствената градежна парцела. Согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15), за основна класа на намена Д3 – спорт и рекреација, служат следниве нормативи:

- 1 паркинг место на 10 посетители

Точниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, потребно е да се утврди со Основен проект.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА

Мерки за заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство Сл. весник на РМ бр: 20/04, 115/07, 18/11 и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство Сл. весник на РМ бр: 111/05).

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 119/14, 44/15, 193/15 и 31/16) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Пред издавање одобрение за градба за објектот предвиден на КП 5359 со овој АУП задолжително е вршење сондажни археолошки истражувања на ГП во согласност со Заштитно конзерваторски основи. Во случај на откривање на остатоци од културно наследство, Инвеститорот е должен да настапи по насоките на надлежните служби за заштита на културно наследство.

Пред превземањето на било какви интервенции во градежната парцела да се обезбеди конзерваторско одобрение од надлежниот орган.

Анализата на недвижното културно наследство е направена врз основа Просторниот план на Р.М и Локалната урбанистичка планска документација за локалитет до Ловечка куќа, КП 5359, КО Крклъа, Општина Крива Паланка.

Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за

заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Службен весник на РМ, број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ, број. 100/12);
- Закон за води (Службен весник на РМ, број.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на РМ, број.79/07, 124/10 и 47/11);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на РМ, број.09/11-пречистен текст и број.51/11) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Заштита на почвата

При изградбата на деловниот простор, треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води. При реализација на активностите на терен да се избегне губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Механичкиот притисок врз почвата во фазата на изградба, поради употребата на тешка механизација, ќе предизвика набивање и компактирање на

површинскиот слој на почвата, особено ако почвата е влажна. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидениот објект заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието се оценува како краткотрајно.

Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва.

Мерки за управување со отпад

По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршувањето на активностите шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ, број.09/11-пречистен текст и број.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. При управување со отпадните масла да се почитуваат одредбите од Правилник за

постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Службен весник на РМ, број. 156/07).

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Мерки за заштита на воздухот

Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на

мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во околниот воздух.

Ширината на зоната за санитарна заштита зависи од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот. Ширината на зоната за санитарна заштита се мери во права линија од изворот на загадувањето. Во зависност од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови, ширината на зоната за санитарна заштита спрема одделни страни може да биде поголема или помала од горенаведената.

Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Од аспект на заштита на водите се пропорачува предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води, имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повеќекратно искористување за истата или друга намена и задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99). Урбанистичката планска документација предвидува прифаќање на отпадните води и одведување кон пречистителна станица. Да се почитуваат одлуките и одредбите од Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта и Правилник за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони.

Превентивната заштита на водите при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите треба да се постават согласно техничките нормативи и стандарди, во насока на обезбедување на нивна долготрајна сигурност и безбедност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со постојните стандарди и нормативи.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните Идејни проекти за секој поединечен субјект во предметното подрачје, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Мерки за заштита од бучава во животната средина

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со документацијата потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во постојната депонија;
- изградба на современа инфраструктура и примена на современи технологии.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија”, број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.**

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава *Решение за Услови за планирање на просторот*.

Условите за планирање на просторот се изработуваат за изградба на водоводна инфраструктура за Калин Камен, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка. Вкупната должина на трасата е околу 14,4 km. Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање изнесува околу 13,1 km.

Останатиот дел од трасата поминува низ опфати на издадени:

- **Услови за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 4757, КП 4758 и КП 4398, КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y41123.**
- **Услови за планирање на просторот за изградба на викенд населба во КО Б’с и КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y50223.**

Трасата се граничи со издадени:

- **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба Локалитет Ловечка Куќа, Б’с и КО Кркља, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y12616.**
- **Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на комерцијални и деловни намени на просторот на КП 114/1, КО Б’с, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y05110.**
- **Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 114/3, КО Б’с, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y54822.**
- **Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на туристичко-угостителски комплекс на КП 379, во КО Б’с, на локалитетот до Езерце, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y10813.**

Трасата се сече со издадени Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за реконструкција на надземен 10 (20) kV вод Манастир-делница Варовиште-Дервенџици, Општина Крива Паланка, со тех.бр Y10815.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции,* односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство *и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.*

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на *унапредувањето и заштитата на животната средина.* Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0.5 1 2 Km

1:35,000

- Општинска граница
- Катастарска граница
- Викенд населба-Y50223
- Комерцијални и деловни намени-Y05110
- Туристичко-угостителски комплекс-Y10813
- Викенд населба-локалитет Ловечка Куќа-Y12616
- Викенд куќи и други објекти за времено сместување-Y41123
- Површински соларни и фотоволтаични електрани-Y54822
- Надземен 10(20) kV вод-Y10815



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка се наоѓа источно од населено место Крива Паланка.

Геолошки и инженерско - геолошки карактеристики

Геолошкото минато на Осоговијата, почнувајќи од палеозоикот па се до дилувиумот таа била опфаќана со хоризонтални и вертикални тектонски движења кои ја набрчкувале, издигале и раздробувале. Тие движења предизвикале раседи и вулкани, низ кои се излила магма.

Осоговијата е составена од разновидни карпи. Во нивниот состав учествуваат архајски и палеозојски шкрилци, постари и помлади еруптивни карпи, палеогени и неогени седиментии дилувијални и алувијални творби.

Еруптивните карпи содржат значително количество на разновидни руди, а соодветен процент на руди содржат и кристалести шкрилци.

Теренот на кој лежи предметната локација е од алувијални и делувијални седименти, слабо консолидиран терен Алувијалната рамнина на Крива Река настанала од акумулативната работа на реката и нејзините притоки.

Клима

Просторот е под непосредно влијание на умерено-континентална клима, што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија кои навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Просечна годишна температура изнесува 10.0^{o}C и годишна амплитуда од 20,4^{0}C. (апсолутен мин. - 20,6^{o}C, апсолутен макс. 37,3C). Во текот на годината најтопол месец е јули со просечната вредност на температура од 19,8^{0}C, а најстуден месец е јануари со просечна вредност од - 0,6^{o}C. Може да се констатира дека климата во регионот се одликува со умерено ладна зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечна годишна количина на врнежи изнесува 624,5mm, нај врнежлив е месец мај со 72,7mm. просечен број на снежни денови е 31, а максимална снежна покривка достига 55sm.

Воздушните струења се чести и интезивни од североисток (633‰) и југозапад (225‰). Просечна годишна брзина на воздушните струења изнесува 2,9m/s со максимална регистрирана брзина од 19,0m/s. Се јавува преку целата година, со најголема зачестеност од јули до октомври.

Северниот и јужниот ветер се со мала зачестеност од 27‰, односно 23‰, со просечна годишна брзина од 2,7m/s, односно 5,4m/s.

Источниот е со зачестеност од 24‰, а западниот со зачестеност од 18‰.

Поради големата зачестеност на ветровите во оваа подрачје, маглата е ретка појава. Просечно годишно се регистрираат 13 денови со магла, и тоа главно од ноември до март, а некои години се јавува од септември до мај.

Број на сончеви саати во околината изнесуваат над 2300 часа. Просечен број на ведри денови е 78 дена, облачни 186 и тмурни 101 ден. Просечн годишна влажност на воздухот е 68%.

Податоците се од мерна станица Крива Паланка.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на *економските дејности* во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Крива Паланка, со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторот, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Северната" развојна оска која се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга- Охрид- Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- Куманово- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан-Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на

природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Реализацијата на документацијата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната и национална економија.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменатa на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на *водостопанството и водостопанската инфраструктура* мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите на населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог”, „Скопје”, „Треска”, „Пчиња”, „Среден Вардар”, „Горна Брегалница”, „Средна и Долна Брегалница”, „Пелагонија”, „Средна и Долна Црна”, „Долен Вардар”, „Дојран”, „Струмичко Радовишко”, „Охридско - Струшко”, „Преспа” и „Дебар”. Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, се наоѓа во водостопанското подрачје „Пчиња” кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од Македонско -Српската граница до вливот во реката Вардар.

Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП „Пчиња” регистрирани се 614 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Површинското истекување за сливните подрачја во Републиката има вредност од 26,2 л/сек/км^2 за реката Радика до 3,1 л/сек/км^2 за сливот на реката Струмица. За сливот на реката Пчиња кај водомерниот профил „Пелинце” изнесува 8,5 л/сек/км^2, кај в.п. „Трновец” 6,8 л/сек/км^2 и кај в.п. „Катлановска Бања” 4,5 л/сек/км^2.

За подобрување на режимот на површинските водотеци и целосно искористување на нивниот хидропотенцијал, во ВП „Пчиња” изградени се акумулациите Липково и Глажња на Липковска Река. Основна намена на водите од акумулациите е наводнување на обработливите површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси. За идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите Слупчане на Слупчанска Река, Вакуф и Длабочица на Крива Река и акумулацијата Пчиња на река Пчиња.

Друг значаен ресурс на води се подземните води чија издашност зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради високиот квалитетот со кој најчесто се одликуваат може да имаат големо значење за покривање на потребите од вода, но потребни се дополнителни истражувања за нивниот квантитет и квалитет.

Како посебен вид на подземни води се издвоени наоѓалиштата со термални, термоминерални и минерални води од кои во регионот на ВП „Пчиња” со значаен квалитет и капацитет се забележани на просторот Куманово - Кратово.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во управувањето со водите е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението и целосно покривање на населените места со водоснабдителни мрежи. Изградбата на водоснабдителната инфраструктура претставува реализација на планските определби за развојот на водостопанството за максимално користење на изворниците за вода и изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи поголем број на корисници да се снабдуваат со квалитетна вода. Исто така со изградбата на водоснабдителниот систем ќе се реализира една од основните определби во управувањето со водите за обезбедување на вода со висок квалитет за водоснабдување на населението во Републиката.

Низ трасата на водоводната мрежа поминува времен водотек за кој при изработката на планската документација треба да се постапи согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на *енергетиката и енергетската инфраструктура* со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на

задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Република досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на Република Македонија, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Низ локацијата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, минува постојниот преносен 110 kV далновод Крива Паланка-Р.Бугарија заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: “Мрежните правила за пренос на електрична енергија” (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

Гасовод и нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Државата. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-С.Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Трасата на постојниот магистрален гасовод поминува низ дел од трасата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, заради што при натамошна изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" како и другите позитивни закони и правилници кои ги обработуваат безбедноста при транспорт со гасоводи.

Со Просторниот план на Република Македонија планиран е нафтоводот АМБО (Балкански нафтовод-продуктовод Бургас-Драч) кој низ Република С.Македонија ќе поминува низ Крива Паланка, Куманово, Скопје, Велес Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга. Но заради заштита на Охридското Езеро, сливните подрачја на постојните и планирани акумулации, на површинските водотеци и за заштита на природните реткости и други стратешки простори, предложен е нов порационален коридор.

Новопредложениот коридор на АМБО во Републиката почнува од Деве Баир на Македонско-Бугарската граница продолжува кон Крива Паланка - Свети Николе - Велес - Крушево - Богомила - Сопотница - Ботун и кај Лакаица влегува во Албанија. Овој коридор е усвоен на осумдесет и шестата седницата на Владата на Република Македонија, одржана на 24.05.2004 год. Точната траса на нафтоводот ќе биде дефиниран со изработка на урбанистичката и проектна документација.

Трасата на планираниот Нафтовод АМБО минува на 2,6km северно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на *населението*.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека *популациската политика преку систем на мерки и активности* треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне *оптимализација во користењето на просторот и*

ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република С.Македонија.

Основните плански определби за развој на населбите во планскиот период се залагаат за сеопфатен и значително порамномерно распределен просторен развој кој, во најголем дел, ќе се одвива во рамките на полицентричен, хиерархиски избалансиран систем на населени места. Во таквиот систем посебен акцент се става на забрзаниот развој на помалите урбани и рурални населби, особено оние во градските опкружувања, како и населбите од ридско-планински, карактер, погранични и недоволно развиени населби.

Насоките на Просторниот план се залагаат за:

- зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната *инфраструктура* и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- создадавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку *инфраструктурно екипирање* на селските населби и ефикасно сообраќајно и комуникациско поврзување.

Иницијативата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

Домување

Во Просторниот план на Република С.Македонија, функцијата *домување* е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- Обезбедување стан за секое домаќинство,
- Подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- *Изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;*
- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- Замена на субстандардниот станбен фонд;
- Организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- Обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба;
- Користење на градежни материјали без негативни влијанија врз квалитетот на водите;
- Изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Со обезбедување на соодветна *комуналната опременост* на становите (опременост со основни инсталации) и изградба на адекватна инфраструктура во зоните со намена *домување* ќе се третираат и правилно доведуваат водите од резервоарот.

Иницијативата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б'с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, ќе биде во контекст на овозможување на поквалитетен стандард на домување. Количината на потребното снабдување со вода во зоните на домување се базира на бројот на население и станбениот фонд во населбата која се приклучуваат на постојната водоводна мрежа која треба да се изгради. Се препорачува обезбедување на соодветна комунална опременост на становите (опременост со основни инсталации) и изградба на адекватна инфраструктура во зоните со намена домување за правилно третирање на водите од мрежата.

Јавни функции

Организацијата на *јавните функции*, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;

– прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга;

Изградбата на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, е надвор од урбаниот опфат на населбата и на тој дел нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт. Со изградбата на инфраструктурата за водоснабдување, ќе се овозможи поквалитено снабдување со вода на објектите од јавни функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на *индустријата* претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на *мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.*

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Реализацијата на документацијата за изградба на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за обавување на производните активности во ова подрачје. Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Република Македонија за дисперзија на индустријата и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите на заштита на животната средина и одржлив развој.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку *системот за сообраќај и врски* врз

чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта *"Е"* ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: *Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.*

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-871** кој се поклопува со магистралниот пат М-2 : (БГ-Деве Баир-Крива Паланка-Е-75) - дел од коридорот за патен сообраќај во насока запад-исток;
- **М-2** - (Куманово-крстосница Коњаре-Ранковце-Крива Паланка-граница со Р.Бугарија-Деве Баир).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требениште - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат *регионалните патишта*, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:

- **Р1210** - (Врска со А2-Тораница-Саса-Македонска Каменица-врска со А3);
- **Р2245** - (Крива Паланка-врска со А2) – Осиче-Огут-граница со Р. Србија.

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на *железничкиот систем* базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР..... 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје .....31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово .....84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје .....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Според Просторниот план на Република Македонија, железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на планирани основни железнички коридори во правец исток-запад (коридор 8), што е во фаза на дооформување, магистрален железнички правец:

- **Софија-Скопје –Тирана**

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.

- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Крива Паланка.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз *животната средина*, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на изградбата на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на изградба, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

Подготвителни активности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;

Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на водоводна инфраструктура за „Калин Камен“, КО Б’с, КО Кркља и КО Варовиште, Општина Крива Паланка, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле

неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

